**Првонаградена, Моника Нелческа**

„Апсурдна би била смислата на живеењето ако не постои нешто за кое што непрестајно и макотрпно би се бореле. Нешто кое во нас ќе ја разгори желбата да го истакнеме нашиот интелект кој е како невидлив печат втиснат на современиот светоглед. За среќа, постои една сила која нас Македониците ќе ни отвори можности за себеизразување за да се проба и забранетото овошје, да ги разголиме сите догми и без срам да ѕирнеме зад табуата на непишаните морални норми. Таа сила како илузија ни трепери пред очите, ни диригира до целта, да парадираме до нејзината периферија, да чекориме по досега негазените патеки кои водат до големото семејство,Европска Унија. Знам дека патувањето со билет во еден правец е тешко, преплавено е со пречки во огромни размери. Но, кога еднаш ќе го поминеш тој пат не вреди да се свртиш назад, затоа што она што го гледаш пред тебе е... божествено.

Ова парче земја, оваа наша Македонија веќе дванаесет години се обидува да го купи тој билет кој ѝ ветува многу. Ѝ ветува живот во Европа без граници и разлики, без поставување услови и неостварливи барања каде по желбите на еден губи друг. Живот во кој секој народ му помага на другиот и каде секој има шанса за докажување и успех. Но многу од нас нѐ мачи едно прашање: колку сме далеку од посакуваната дестинација? Кога ќе стигнеме пред рајските порти? Европа, во која сме, а не сме. Повеќе од една деценија скулптурна маска на агонија ни ги прекрива лицата. Како ли да се избориме против неа? Тука, драги мои ќе ве потсетам на еден цитат на Черчил, кој посочува„Успехот е постојано сопнување од неуспех на неуспех, без да се изгуби ентузијазам”. Ако при секој обид кој резултира со неуспех ентузијазмот се губи, тогаш не вреди да се пробува повторно. Но, за нас Македонците важи едно правило на кое сме останале верни до ден денес, а тоа е: ако ентузијазмот се изгубил во духот на постарите генерации, тој повторно ќе се роди во духот на новите генерации. Тој се раѓа кај нас студентите... одново и одново.

Оттука, визијата за посветла иднина секако дека првенствено нѐ засега нас студентите, кои неоспорно сме тлото на оваа земја. Од нас зависи напредокот на нашата држава, во нас тлее надежта за подобро утре. Но, располагаме само со две карти од кои едната е добитна, а на другата и поминува рокот на траење. Во едната рака недостоинствено, со спуштена глава го држиме пасошот кој ни ги отвора границите на Европа, пасошот на моќта, пасошот на соседите Бугари. Со другата рака, пак, силно ги стегаме збрчканите дланки на татковците и мајките. Оние кои секоја вечер ја реинкарнираат надежта во молитва да не отпатуваме некаде далеку во туѓина. Далеку од нивните очи, и пресушени солзи... И тој сјај во нивните очи влева нешто во нас. Ја влева помислата дека ако сепак останеме, навистина нешто ќе се смени.

Од тие причини, одлучувачкото право на избор на Европска Унија ни припаѓа нам. Тоа големо име Европска Унија, кое со брзина на светлината ни виори низ секојдневните дискусии сè уште буди некои чувства во нас. Чувства на надеж и ведрина. Дека еден ден ќе живееме во Македонија како членка на Европското семејство, во која слободно ќе можеме да го браниме нашиот прастар и автохтон идентитет, нашиот древен јазик, нашиот фолклор, нашата земја со цветни алеи и терасести градини и нашиот целосно описменет народ. Но, она кое што во нас пали немир и жолч и како кормило со брод управува со нас е стравот од отфрленоста, која нашите предци како наследна дамка ја носат на срцето. Тој страв нè затвори зад оловни решетки и ископа бездна околу нашето постоење. Но драги мои, ние сега сме спремни тој страв да го погледнеме во очи и да му кажеме дека нема повеќе да нè плаши како црна мачка која ни го пресекува патот, затоа што ние ќе се потрудиме отфрленоста да постане збор напишан во поглавјето кое ќе заврши.

На далеку треба да се слушне нашиот глас - Нема да дозволиме нашата територијална големина да нè ограничува, нашата бурна историја да нè кочи, а нашиот идентитет да нè условува. Ние не сакаме со бугарски пасош да талкаме низ Европа, сами на светот. Не сакаме да формираме семејство далеку од нашето. Сакаме да твориме и создаваме тука, за нашите деца, за вашите деца, за оние кои следуваат по нив. Со гордо кренатa глава сакаме да го држиме нашиот пасош, за кој ќе се избориме да симболизира моќ. Сакаме да ги избришиме солзите на нашите мајки и татковци и силно да им ги стегнеме уморните дланки , кажувајќи им дека не одиме никаде, дека ќе останеме тука, лавовски да се бориме за една подобра Македонија, во која секој ќе го негува исконското право на достоинствен живот“.